**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**13 јануари, 2010 година**

**Република Македонија е делумно слободна земја**

**Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД**, Скопје продолжува и понатаму да ги следи светските индекси и позицијата на Република Македонија во нив. **Меѓународната организација за заштита на правата на човекот „Фридом Хаус“** го објави новиот извештај во кој Република Македонија ја оценува како „делумно слободна земја“. Според извештајот на Фридом Хаус Република Македонија е оценета со 3 за степенот на политички права и за човековите слободи.




Во категоријата делумно слободни земји спаѓаат оние кај кои постои лимитиран респект кон политичките права и човековите слободи.

Ваквите земји страдаат од корупција, недостиг од владеење на правото, етнички и религиски караници, и земји кај кои една партија има доминантна улога во општеството и покрај фасадата за плурализам. Македонија во 2009 забележала тренд на подобрување на состојбата во политичките и човековите права за што придонеле коректно спроведените претседателски и локални избори. Тие од надворешните набљудувачи се оценети како фер и како резултат на имплементација на реформите препорачани по забелешките за парламентарните избори 2008, кои пак беа оценети како најлоши од осамостојувањето.Инаку, генерално Извештајот на „Фридом хаус“ констатира континуирана ерозија на човековите права и слободи ширум светот. Но, како што пишува во својот извештај, има и светли точки. Од 194 земји испитаници, кај 16 се забележани позитивни поместувања.

Напредок има кај балканските земји. Црна Гора се придвижи во категоријата „слободни земји“, а Косово мрдна во „делумно слободни земји“. Според Фридом Хаус покачување на рејтингот има и кај Хрватска и Србија.

---

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk